Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско средно техничко училиште
Shkolla e mesme teknike komunale
НАЦЕ БУЃОНИ-NACE BUGJONI
Бр.Nr.: 04-313/19
06.08.2025 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/16, 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас број 632/2025 бр.10-1547/9 од 05.08.2025 од Агенција за администрација, Директорот на Општинско средно техничко училиште „Наце Буѓони" Куманово на ден 06.08.2025 година донесе

# О Д Л У К А

**За избор на кандидат за вработување**

По објавен јавен оглас број 632/2025 за вработување на административен службеник на работно место со шифра ОБН 0202Г01001 - Самостоен референт за сметководствени работи – Сметководител и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас број 632/2025 бр. 10-1547/9 од 05.08.2025 година се избира кандидат **Елена Димиќ**.

Избраниот кандидат ке биде вработен на неопределено време по конечноста на оваа Одлука.

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

Согласно објавениот Јавен оглас бр. бр.632/2025 година како и по спроведена целосна постапка за огласот – записник од извршена административна селекција за самостоен референт за сметководствени работи – сметководител бр.10-1547/6 од 16.07.2025 година, од Записник од спроведен испит за самостоен референт за сметководствени работи – сметководител бр.10-1547/8 од 28.07.2025 година, Записник од спороведена проверка на вородостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1547/8 од 05.08.2025 година и по Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 632/2025 бр.10-1547/9 од 05.08.2025, а по претходни добиени согласности за обезбедени финансиски средства од страна на Министерство за финансии бр.19-3179/2 од 19.05.2025 година со Преглед на одобрени согласности за вработување на административно технички кадар во средни училишта на неопределено работно време – старо финансирање Преглед број 6 и Известување од Министерство за образование и наука 13-7481/3 од 06.09.2024 година за одобрување на Годишен план за 2025 година за вработување, Позитивно мислење за годишен план за вработување за 2025 година од Министерство за јавна администрација архивски број 09-1008/6 од 07.04.2025 година, како и согласност на Годишен план за вработување за 2025 година од Градоначалник на Општина Куманово бр.22-4611/2 од 01.08.2024 година, Директорот донесе Одлука лицето **Елена Димиќ**, да биде вработено во ОСТУ ,,Наце Буѓони,, Куманово **самостоен референт за сметководствени работи – сметководител на неопределено работно време.**

Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на огласна табла и интернет страна на Агенција за администрација.

Директор
/Драган Јаневски/